Република Македонија
**Министерство за финансии**

[redacted]

Бр.07- 28373/1
Скопје 23 .08.2010 година

**ДО:** ______________________________

**Предмет:** Известување

Влада на Република Македонија
**Министерство за финансии**
Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3117 288
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта: finance@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Почитувани,

Согласно Нацрт записникот од 178-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 17.08.2010 година, Министерството за финансии во соработка со институциите на државна управа потребно е да подготват анализа за вкупниот број на вработени и нивна национална структура. **За таа цел потребно е во наредниот период континуирано до Министерството за финансии да ги доставувате бараните податоци во прегледот за национална структура надоцна до 5-ти во месецот за секој завршен квартал од годината.**

Во овој контекст, а со цел да се има целосна база на податоци за вработените и нивната национална структура за 2010 година, Ве молиме да ни ги доставите овие податоци заклучно со месец март и месец јуни (согласно податоците за исплатена плата во месеците март и јуни), најдоцна до 15.09.2010 година

Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика, потребно е да ги доставуваат и податоците за единиките корисници финансирани преку нивниот буџет. Во оваа насока потребно е да се достават посебни прегледи за вработените лица и тоа за :

- ресорното министерство,
- поединечно за секој орган во состав на ресорното министерство,
- збирен преглед за единките корисници финансирани на централно ниво и
- збирен преглед за единките корисници финансирани преку дотации до ЕЛС.

Министерството за здравство се задолжува да обезбеди податоци за вработените во јавните здравствени установи и тоа посебно за:

- ресорното министерство,
- поединечно за секој орган во состав на ресорното министерство и
- збирен преглед за јавните здравствени установи.

Јавните претпријатија и акцинерските друштва во државна сопственост се задолжуваат адекватно да ја исполнуваат оваа обврска, имајќи предвид дека истите се дел од јавниот сектор.

На единиците на локалната самоуправа и независните регулаторни тела им се препорачува да ги следат определбите на Владата на Република Македонија, односно навремено и целосно да ги доставуваат потребните податоци за вработени по етничка припадност, со цел да се востостави целосна евиденција. Во оваа насока укажуваме дека единиците на локалната самуправа потребно е да ги доставуваат само податоците за

општинската администрацуија, без притоа да ги вклучуваат лицата кои се вработени во секторите образоавание, култура, социјална и детска заштита, односно кои се финансираат преку дотации од централно ниво.

Неопходните податоци покрај во писмена форма, потребно е да ги доставите и во електронска форма во соодветен преглед за национална структура (Прилог 1) на следната e-mail адреса: tose.panovski@finance.gov.mk. Прегледот за национална структура е објавен на веб страраната на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk/Javni finansii/Budget/Dokumenti).

Притоа Ве известуваме дека, доставувањето на податоци за бројот на вработени по етничка структура се предвидува да биде законска обврска, имајќи предвид дека Министерството за финансии веќе подготвува предлог измени на Законот за извршување на Буџетот и други законски прописи.

Со почит,

**Заменик Претседател на Влада**
**и Министер за финансии**
**м-р Зоран Ставрески**

Изготвил: Тања Трипунова
Одобрил: Елена Трпковска